Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе изборната наставна програма по наставниот предмет ***француски јазик (втор странски јазик)*** за IV (четврта) година образование од средното стручно образование со четиригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК (изборна)

(Втор странски јазик)

***модуларно дизајнирана***

## за IV година

Економски техничар, Правен техничар, Бизнис администратор
**образовен профил / квалификација**

Економско-правна и трговска / Економија, право и трговија
**струка / сектор**

Скопје, 2019 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Француски јазик (втор странски јазик) |
| **Тип на наставна програма** | Изборна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 4 (четири) ЕЦВЕТ[1] кредити (3+1, 1 кредит одговара на 25 часа активности на ученикот, од кои 8 часа за домашна работа, 8 часа за подготовка за писмени работи и 9 часа за самостојно учење) |
| **Струка** | Економско-правна и трговска |
| **Сектор** | Економија, право и трговија |
| **Образовен профил** | Економски техничар, Правен техничар, Бизнис администратор |
| **Назив и ниво на квалификација** | Економски техничар, Правен техничар, Бизнис администратор<br><br>**IV (четврто) ниво**<br><br>Согласно *Заедничката европска референтна рамка за јазиците* после првата година на изучување на францускиот јазик во средното образование може делумно да се достигне нивото А2 (основно ниво), по втората година во средно образование може целосно да се достигне нивото А2 (основно ниво), по третата година учење на францускиот јазик во средно образование може делумно да се достигне Б1 (преодно ниво) и по завршувањето на IV година, може целосно да се достигне Б1 (преодно ниво). |
| **Година на изучување** | IV (четврта) |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2/66 |

[1]Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ученичката:<br>- да формира и да развие јазични, комуникативни, интеркултурни компетенции за изучување на втор странски јазик;<br>- да развива способности за поврзување на стекнатите знаења од првиот странски јазик, мајчиниот јазик и други предмети при совладување на вториот странски јазик;<br>- да формира елементарни навики и умеења за слушање, говорење, читање и пишување преку изграден систем од знаења на јазични и реченички единици, фонетски, правописни, лексички и граматички поими;<br>- да развие способност за самостојно учење и самовреднување според *Заедничката европска референцијална рамка (Портфолио).* |
| **Модуларни единици на наставна програма** | • СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ<br>• ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ<br>• ГОВОРНА ПРОДУКЦИЈА И ИНТЕРАКЦИЈА<br>• ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ И ИНТЕРАКЦИЈА<br><br>НАПОМЕНА: Поради специфичноста на изучување на странските јазици, модуларните единици се дизајнирани согласно вештините (слушање со разбирање, читање со разбирање, говорна продукција и интеракција и писмено изразување и интеракција), а во нив се интегрирани јазичните компоненти (лексички единици, граматички структури, јазични функции и култура). За успешна реализација на наставата по странските јазици, наставникот прави комбинација меѓу вештините и јазичните компоненти.<br><br>Понудените содржини се задолжителни, но наставникот користи примери од други извори и ја прилагодува наставата согласно образовниот профил/квалификацијата, односно струката/секторот. |
| **Материјално-технички и просторни услови** | Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на нормативот за простор донесен од страна на министерот за образование и наука.<br>Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за четврта година треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за четврта година на средното образование.<br>Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците и помеѓу наставникот и учениците, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата П, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при работа во групи). |

| | |
|---|---|
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по *француски јазик* може да ја изведува лице кое завршило:<br>- студии по француски јазик и литература – наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по француски јазик и книжевност- наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС,<br>- студии по француски јазик и литература - друга насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за наставата по француски јазик на акредитирана високообразовна установа. |

| Ред. број | Назив на модуларна единица 1: СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Резултати од учење | Содржини и поими (примери) | Активности и методи | Критериуми на оценување* |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>-издвои конкретни информации од слушнат текст или при разговор со соговорникот во врска со загадувањето и заштитата на животната средина; | L'environnement, l'écosystème, la nature, le climat, le paysage, l'écotourisme, les conditions naturelles, les ressources, la biodiversité, les organismes vivants, le développement durable, la protection, la préservation, la pollution, le recyclage, le tri des déchets, le danger, le risque, la menace, les changements climatiques, les catastrophes écologiques, les émissions de gaz, l'effet de serre.<br><br>Économiser, recycler, récupérer, ramasser, gaspiller, réduire, protéger, respecter, préserver, sanctionner.<br><br>-Protéger l'environnement, c'est préserver la survie et l'avenir de l'humanité. En effet, l'environnement est notre source de nourriture et d'eau potable. L'air est notre source d'oxygène. Le climat permet notre survie. Et la biodiversité est un réservoir potentiel de médicaments. Préserver l'environnement est donc une question de survie. | **Активности:**<br>- Вежби за асоцијации;<br>- вежби за правење претпоставки, донесување заклучоци врз основа на звучни сигнали, интонација итн.;<br>- слушање аудио/видеоснимки и говор на наставникот;<br>- препознавање на значењето на пораката според интонацијата;<br>- идентификување на зборови, структури и изрази во контекст;<br>- одговорање на прашања од типот *точно/неточно* , отворени прашања или прашања со повеќечлен избор;<br>- подредување на слушнати информации во табели;<br>- поврзување слики со слушнат текст.<br><br>**Методи:**<br>- Вербални методи: *дијалошки или метод на разговор;*<br>- документациски метод: | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1. препознава поими што служат за разменување информации на тема: Животна средина;<br><br>1.2. идентификува главни информации од слушнат краток текст или од разговор со соговорникот во врска со загадувањето и заштитата на животната средина;<br><br>1.3. издвојува детални информации од краток слушнат текст на тема: Загадување и заштита на животната средина. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | -издвои општи и конкретни информации од краток слушнат текст или при разговор со соговорникот во врска со плановите за својата иднина (студирање, професија и сл.) | Le guide, l'agent de voyages, le tour-opérateur, le maître d'hôtel, le serveur, le commis de salle, le chef de cuisine, le second de cuisine, le chef de partie, le commis de cuisine, la brigade.<br>Dresser une table, faire une mise en place, accueillir les clientes, prendre la commande, annoncer, réclamer, enlever....<br><br>Le juriste, le droit, l'avocat, le procureur, le juge, la cour, le tribunal, le procès...<br>Déposer une plainte/ une requête, protéger, défendre, accuser, garantir, appliquer ...<br><br>L'entreprise, le chef d'entreprise (PDG), le règlement, l'assistant de direction, le comptable, le salaire, le contrat, le marché, le produit, le marketing, le budget, la transaction, la bourse, la gestion, le bulletin de salaire, la facture, l'impôt, la taxe.<br>Gérer, organiser, administrer, rédiger, créer, signer un contrat, embaucher, interviewer, licencier, démissionner...<br>-Après le bac, je ferai une licence de langues étrangères appliquées. Et toi et Marco?<br>-J'ai choisi la Faculté de tourisme et | | **Ученикот /ученичката може да:**<br>2.1 препознава поими поврзани со универзитетското образование;<br><br>2.2. препознава поими што се користат при опис на работните задачи;<br><br>2.3. препознава поими со кои се опишува одредена професија;<br><br>2.4. издвојува информации од краток слушнат текст во врска со студирање, професии и работа. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | -издвои конкретни информации од слушнат текст или при разговор со соговорникот за посета на културно-уметнички и спортски манифестации и настани во неговата/нејзината земја и земјите во кои се зборува јазикот што се изучува. | Le Festival de Cannes, le Tour de France, le Roland-Garros, le Festival international du film des frères Manaki,...<br><br>L'exposition, le spectacle, le concert, la performance, la danse.<br><br>La photographie, le tableau, la toile, la sculpture, la fresque, la collection, l'artiste, le peintre, le sculpteur, le conservateur, le critique d'art.<br><br>La Ligue des champions, le match, la compétition, la rencontre sportive, la finale.<br><br>- Hier, j'ai participé à la course des garçons de cafés à Struga. Il y avait bien du monde. Les spectateurs ont été ravis.<br><br>- Le mois dernier, j'ai assisté au concert de Zaz. Ma cousine de Liège est venue avec moi. Il y avait beaucoup de jeunes. | | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>3.1. препознава поими што служат за разменување информации на тема: спортски и културно-уметнички манифестации и настани;<br><br>3.2. идентификува главни информации од слушнат краток текст или од разговор со соговорникот во врска со посета на културно-уметнички манифестациии настани;<br><br>3.3. издвојува детални информации од краток слушнат слушнат текст во врска со различни манифестации и настани. |

| Ред. број | Назив на модуларна единица 2: ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење** | **Содржини и поими (примери)** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>-идентификува конкретни информации во кратки текстови, во врска со загадувањето и заштитата на животната средина; | Les élèves de notre école organisent un atelier sur la protection de la nature.<br>Pour sauver notre planète, il est nécessaire que tout le monde utilise le transport en commun, économise l'eau, préserve les milieux naturels. Jeter les déchets dans la nature n'est pas sans conséquences. Les aliments bios ne sont pas plus nourrissants que les autres, mais ils ne contiennent pas de résidus de pesticides ou d'additifs. Ils sont également plus respectueux de l'environnement. | **Активности:**<br>- Вежби за правење претпоставки, донесување заклучоци, врз основа на наслови, илустрации, фотографии, типографски и други елементи карактеристични за различни видови текст;<br>- поврзување текстови со слики;<br>- вежби за идентификување зборови и изрази;<br>- подредување зборови, реченици, пасуси, слики и сл., | **Ученикот /ученичката може да:**<br>1.1. идентификува зборови и изрази, во краток едноставен текст, поврзан со животната средина (заштита, загадување);<br>1.2. идентификува главни информации во едноставен текст поврзан со заштитата на животната средина;<br>1.3. селектира информации од едноставен текст во врска со заштитата на животната средина. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | -издвои конкретни информации во едноставен текст: оглас, CV, писмо/електронска порака; | Madame, Monsieur,<br><br>Je dépose ma candidature pour le poste de réceptionniste d'hôtel car c'est un emploi qui met en valeur mes capacités communicatives et ma connaissance de plusieurs langues étrangères.<br>Comme vous pouvez le voir dans mon CV, j'ai déjà travaillé à la réception d'un hôtel pendant trois mois.<br>En attendant votre réponse, je reste à votre disposition pour des informations supplémentaires.<br>Je vous prie, Madame, Monsieur, de recevoir mes salutations les plus sincères.<br><br>XXXX<br><br><br>**La Joie De Vivre à VALLOIRE** recherche 2 personnels de service H/F pour la saison d'hiver 2019-2020. La structure peut accueillir jusqu'à 105 personnes lors de classes de neige, colonies de vacances,<br>ainsi que des séjours famille et club de sport. L'équipe de 8 personnes se composera de 3 personnels de service, de 3 animateurs et 1 cuisinière. | по логичен редослед;<br>- пополнување празни места во текстови, табели и реченици;<br>- одговорање на прашања од типот точно/неточно, отворени прашања или прашања со повеќечлен избор;<br>- давање наслови на одредени делови од текст;<br>- подредување на реченици и пасуси од краток и едноставен текст по логичен редослед.<br><br>**Методи:**<br>- Документациски метод: пишан извор на информација (работа на текст, метод на читање, метод на интерпретација);<br>- набљудувачко-истражувачки методи: набљудување, забележување, обележување, откривање, истражување, пребарување;<br>- демонстрациски методи: покажување на слики, цртежи и аудио и видео снимки;<br>-метод на работа со компјутерска технологија: | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>2.1. ги препознае најважните информации во едноставен текст, поврзан со темата: студии/работни места;<br><br>2.2. идентификува поими и изрази во електронска порака, во кои се опишуваат сопствените интереси и мотивираност во врска со одредени студии/одредено работно место;<br><br>2.3. идентификува поими и изрази во електронска порака, во кои се бараат/даваат информации поврзани со темата: студии/работни места;<br><br>2.4. издвојува информации од оглас за изнајмување стан/ вработување;<br><br>2.5. донесува заклучоци за одредена професија врз основа на пишани информации, илустрации и фотографии. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | -издвои конкретни информации од одреден текст или електронска порака во кои се зборува за културно-уметнички и спортски манифестации и настани во неговата/нејзината земја и земјите во кој се зборува јазикот што се изучува. | Samedi soir, un évènement hors du commun à Skopje: le concert du groupe Foltin de Bitola. Il s'est produit sur scène en l'honneur du mois de la Francophonie, célébré dans plusieurs villes du pays. Au programme : des chansons françaises du répertoire classique et bien connu, ainsi que des chansons espagnoles et macédoniennes. Une expérience hors pair pour le public de tout âge.<br><br>Le Festival d'été d'Ohrid est l'une des manifestations culturelles les plus importantes en Macédoine. Il prévoit différents évènements (concerts, pièces de théâtre, lecture de poésies, danses) divertissant les nombreux visiteurs et touristes venant des quatre coins du monde. Et n'oublions pas non plus le Festival du film ayant lieu dans cette ville, festival qui a une grande importance et bonne renommée. | | **Ученикот /ученичката може да:**<br>3.1. идентификува зборови и изрази во краток и едноставен текст во врска со културно-уметнички и спортски манифестации и настани;<br><br>3.2. ги препознае најважните информации во краток и едноставен текст или електронска порака поврзани со темата: музеи, изложби, концерти, спортски натпревари и сл;<br><br>3.3. селектира конкретни информации од текст во врска со посета на различни манифестации и настани. |

| Ред. број | Назив на модуларна единица 3: ГОВОРНА ПРОДУКЦИЈА И ИНТЕРАКЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Резултати од учење | Содржини и поими (примери) | Активности и методи | Критериуми на оценување* |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>-побара/даде информации за животната средина, во кратка говорна интеракција; | -Mes grands-parents habitent à la montagne. Nous passons souvent nos weekends chez eux. L'air est tellement pur et nous en profitons au maximum. Tout est vert autour de nous, il y a même une petite forêt de sapins tout près de la maison. Le jardin potager est plein de légumes frais et de très bonne qualité.<br><br>-Mon père a installé des panneaux solaires sur le toit de la maison et, grâce à ça et à la bonne isolation de la maison, nous produisons 50 % de l'énergie que nous consommons.<br><br>-Qu'est-ce que tu fais pour protéger ou préserver l'environnement ?<br>-Je fais le triage, je recycle les bouchons, les bouteilles, je fais attention à la consommation de l'électricité. | **Активности:**<br>а) *Говорна интеракција:*<br>- поставување прашања и одговарање на нив;<br>- играње на улоги според дадени модели;<br>- учество во кратки и едноставни комуникативни ситуации од секојдневниот живот.<br><br>б) *Усно искажување:*<br>- опишување и раскажување според слики, видеоматеријали и сл.;<br>- продукција на кратки искази;<br>- прераскажување на кратки едноставни текстови на познати теми;<br>-различни игровни активности од типот: глув телефон, бинго и сл. | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>1.1. употребува поими поврзани со животната средина;<br><br>1.2. ја опишува својата животна средина;<br><br>1.3. дискутира на едноставен начин на тема: Загадување и заштита на животната средина. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | - разменува информации со соговорникот во врска со плановите за својата иднина (студирање, професија и сл.); | -Actuellement je suis en dernière année du baccalauréat option Tourisme d'affaires et évènementiel. Après l'obtention de mon baccalauréat, j'envisage poursuivre un BTS Tourisme, ou une école de commerce.<br>Je voudrais passer ma journée à manipuler des chiffres, à enregistrer toutes les opérations financières de mon employeur, recettes et dépenses, à préparer aussi les bilans annuels qui seront soumis à un expert-comptable. | **Методи:**<br>- Вербални методи: монолошки метод на изложување на содржините (опишување, раскажување, објаснување), дијалошки или метод на разговор (игра по улоги);<br>- демонстрациски методи: претставување, покажување предмети, процеси, појави, настани, покажување на слики, цртежи;<br>-метод на работа со | **Ученикот /ученичката може да:**<br>2.1. именува поими кои означуваат називи и карактеристики на одредена професија или високи школи и факултети;<br><br>2.2. разменува информации во врска со плановите за своето идно образование или за својата идна професија;<br><br>2.3. опишува работни задачи на определена професија. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | - искаже впечатоци од посета на културно-уметнички или спортски манифестации или настани. | -Tu as pu assister au vernissage de l'exposition de photographies hier soir?<br>-Oui mais, pour te dire la vérité, les photos m'ont laissé indifférent. Elles ont été prises à contre-jour et leur concept n'était pas très évident. Curieusement, le public était très nombreux et a apprécié les installations. | компјутерска технологија: демонстрации, пребарување. | **Ученикот /ученичката може да:**<br>3.1. набројува поими поврзани со спортски и кутурно-уметнички манифестации и настани;<br><br>3.2. применува поими и изрази потребни за опишување на посета на спортски и културно-уметнички манифестации и настани;<br><br>3.3. зборува за своите чувства и впечатоци поврзани со посета на музеј, театар, концерт, изложба , спортски натпревар и сл;<br><br>3.4. опишува искуство од посета на одредена културно-уметничка или манифестација или настан. |

| Ред. број | Назив на модуларна единица 4:  ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ И ИНТЕРАКЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Резултати од учење | Содржини и поими (примери) | Активности и методи | Критериуми на оценување* |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br>-пишува насочен состав или електронска порака во кои ќе ја опишува животната средина; | L'effet de serre est un phénomène naturel par lequel une partie de l'énergie solaire qui est émise par la terre est absorbée et retenue sous forme de chaleur dans la basse atmosphère. L'effet de serre est causé par des gaz contenus dans l'atmosphère, principalement la vapeur d'eau. D'autres gaz jouent un rôle dans l'effet de serre : le dioxyde de carbone, le méthane, les oxydes d'azote, l'ozone...<br><br>Biodiversité en déclin, écosystèmes dégradés, sols et ressources naturelles sous pression, milieux aquatiques souillés, pollution atmosphérique alarmante, déchets mal recyclés... C'est un tableau plus noir que vert donnant l'image de l'environnement actuel. Donc, il faut s'engager plus pour la qualité de l'air et de l'eau et pour la réduction des émissions de gaz à effet de serre pour pouvoir améliorer les écosystèmes. | **Активности:**<br>-Пополнување/составување CV;<br>- довршување реченици или краток текст;<br>- пополнување текстови со испуштени зборови;<br>- пишување мотивациски писма и електронски пораки (најмалку 120 збора);<br>- пишување едноставен состав (од 120-160 збора) според дадени слики, аудитивни или визуелни информации, или насоки од наставникот;<br>- подредување реченици и/или параграфи од даден текст;<br>- самостојна и групна изработка на постер и сл.; | **Ученикот /ученичката може да:**<br>1.1. применува поими и изрази при опишување на животната средина;<br><br>1.2. составува едноставни електронски пораки или состави, поврзани со загадувањето и заштитата на животната средина;<br><br>1.3. класифицира позитивни и негативни примери од животната средина. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | -пишува насочен состав за своите планови за универзитетско образование/идно занимање; | L'école maternelle, l'école primaire, le collège, le lycée, le baccalauréat, le bachelier/la bachelière, les études universitaires, la licence, le master, le doctorat, l'examen /le concours d'entrée.<br>Faculté de médecine/ pharmacie/ droit/ économie, Faculté des sciences/des lettres/ des sciences humaines/ des beaux-arts,<br>Faculté d'administration publique et science politique, Faculté de commerce et d'économie, Faculté de tourisme, l'ENA (École nationale d'administration), HEC (Hautes études commerciales), les grandes écoles.<br>La cité universitaire, la chambre universitaire, le restaurant universitaire, la bourse d'étude.<br><br>Après le bac, je voudrais poursuivre mes études à l'Université du tourisme et de l'hôtellerie à Skopje. Un jour, j'aimerais devenir chef de cuisine. Mes tâches seront de diriger l'ensemble de la brigade de cuisine, organiser le travail en cuisine de tous les chefs de partie; je serai responsable de la mise en place au service, j'élaborerai les menus avec le maître d'hôtel, et je collaborerai avec la direction. | **Методи:**<br>-Операциски методи: метод на илустративна практична работа (реализација на проект), метод на творечка работа (разни форми на писмена кореспонденција и други форми на писмено изразување);<br>-метод на работа со компјутерска технологија: пребарување, презентација, електронска комуникација | **Ученикот /ученичката може да:**<br>2.1. применува основни изрази и поими што означуваат студиски програми/занимања/професии.<br><br>2.2. составува едноставен насочен состав во кој ги опишува своите идни планови за професионален развој.<br><br>2.3. составува едноставен текст во кој ги споредува образовните системи во својата земја и во земјата/земјите чиј јазик се изучува. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | -пишува CV, мотивациско писмо и електронска порака за барање/давање информации; | Travail sur la structure d'un CV<br><br>Les parties composantes d'une lettre de motivation et de demande: coordonnées, expéditeur, destinataire, objet de la lettre, formule d'appel, corps de la lettre, formule de politesse, signature, à l'attention de, pièce jointe, lieu et date. | | **Ученикот /ученичката може да:**<br>3.1. состави свое CV;<br><br>3.2.употребува соодветни формули за формално обраќање и завршување писмо/ електронска порака;<br><br>3.3. составува кратко и едноставно мотивациско писмо;<br><br>3.4. составува кратка и едноставна електронска порака за барање/давање информации за студии, работни места. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | -пишува насочен состав и електронска порака во кои ќе ги опише сопствените чувства од посетата на одредени културно-уметнички или спортски настани и манифестации во својата земја и земјите во кој се зборува јазикот што се изучува. | Le mois dernier, j'ai assisté au Carnaval de Nice qui est une manifestation culturelle très connue et populaire. Le carnaval dure trois semaines et pendant cette période-là, il y a beaucoup de touristes de toute la France, mais aussi de l'étranger. Chaque année, il y a un thème différent pour célébrer le Roi. Cette année, c'était le sport. Il y avait des chars et des décors qui mettaient en scène des personnalités du monde sportif et quelquefois, on pouvait voir des enfants déguisés qui dansaient sur les chars et saluaient la foule. Mon moment préféré était la Bataille des Fleurs. En effet, des femmes et des hommes déguisés lancent des fleurs et la foule peut les ramasser et les garder. J'aime beaucoup le Carnaval de Nice! | | **Ученикот /ученичката може да:**<br>4.1. применува основни поими и изрази потребни за опишување на своите чувства во врска со посетена манифестација или настан;<br><br>4.2. составува едноставни насочени состави или електронски пораки во кои ја опишува посетата на одредени спортски или културно-уметнички настани и манифестации во својата земја;<br><br>4.3. пишува насочен состав во кој ја споредува посетата на одреден културно-уметнички или спортски настани и манифестации во својата земја и настани и манифестации одржани во земјата/ земјите чиј јазик се изучува. |

| | |
|---|---|
| Оценување на постигањата на учениците | Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.<br>Оценувањето на постигањата на учениците треба да биде транспарентно и согласно нивоата од Блумовата таксономија. Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на целата учебна година.<br>Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши со бројчани оценки во текот на училишната година. Од вкупниот број оценки, две ќе се базираат на писмени работи, додека останатите оценки ќе се базираат на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални и групни изработки на проекти, тестови. Учениците треба однапред да бидат запознаени со критериумите и начинот на оценување.<br>Критериумите за формирање оценка треба да се експлицитни како за ученикот, така и за родителот, т.е. да се објаснат уште на почетокот на учебната година и наставникот да се придржува до тие критериуми. Како критериуми можат да се земат: оценките од усното искажување, оценките од писмените работи/тестови, оценките од активноста на часот, изработката на домашни задачи, изработка на презентации и проектни задачи.<br><br>На крајот на четврта година учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка. |
| Литература и други извори | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| Почеток на имплементација на наставната програма | **Учебна 2022/2023 година** |
| Институција/<br>носител на програмата | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| Потпис и датум на донесување на | |

| | |
|---|---|
| наставната програма | бр. 13-11378/58<br>4.10.2019 година<br><br>МИНИСТЕР, с.р.<br>Dr. Arbër Ademi<br>________________ |
| Датум на ревизија | |